Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-226/6
Датум: 14.03.2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 226/1 од 18.02.2025 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против [redacted] – раководител на одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта при Сектор Инспекторат на Град Скопје, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
**за отфрлање на претставка**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–226/1 од 18.02.2025 година, поднесена од [redacted] против [redacted] – раководител на одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта при Сектор Инспекторат на Град Скопје, **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

### Образложение

На 18.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст „**Комисијата**") беше поднесена претставка од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за заштита од дискриминација сторена од страна на [redacted] – раководител на одделение за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта при Сектор Инспекторат на Град Скопје во областа на работата и работните односи.

Во претставката, доуредувањето на истата и дополнувањето доставено од подносителот се наведува дека тој е вработен како самостоен инспектор за патен сообраќај во Инспекторат на Град Скопје и посочува на дискриминација извршена од страна на раководителката на одделението за инспекција на патен сообраќај и инспекција на патишта, Инспекторат Град Скопје, [redacted]. Подносителот наведе дека именуваната го принудувала со присила, тенденциозно со закани дека морал да оди на дополнителна прекувремена работа која не била неопходна, и тоа за време на денови од викенд заканувајќи му се дека ако не го сторел тоа ќе бил казнет односно преместен на друго работно место. Посочува дека неговото работно место било со 40 работни часа неделно, работата ја извршувал за време на работните денови, а именуваната сакала за себе да создаде алиби затоа што тајно

одела на дополнителна прекувремена работа заради дополнителни финансиски средства покрај месечните примања па на тој начин вршејќи злоупотреба на службената положба заради лични интереси. Во ваквите активности била поддржана и од претходниот раководител на Инспекторат на Град Скопје и сегашната помошничка на раководителот на Инспекторатот. Истакна дека од страна на именуваната, [redacted] бил постојано и во долг временски период деградиран, навредуван со пградни зборови, дека му била вршена сегрегација од нејзина страна, дека не смеел ништо да каже и да истакне свое мислење.
На крајот посочува дека заради ваквиот начин на однесување и притисокот што го трпел на работното место не е во можност ефикасно и ефективно да ги извршува работните задачи, а воедно истото се рефлектирало и на неговиот приватен живот со оглед дека е татко на малолетно дете, неговиот татко и брат се починати, а неговата мајка е возрасно лице корисник на правото на помош и нега од друго лице.

По разгледување на претставката и списите приложени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема надлежност за постапување, а во согласност со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Наведеното со оглед да подносителот укажува на дејствија чии обележја упатуваат на сторено психичко вознемирување на работното место па со оглед на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува да побара и оствари заштита на своите права од работен однос на начин што во рамки на институцијата ќе иницира постапка за заштита од вознемирување на работно место, а понатаму и потенцијално ќе поведе судска постапка во согласност со Закон за заштита од вознемирување на работното место.

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
13.03.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД